Здружение на лиценцирани енергетски контролори ЗЛЕК ДОО
Бр. 4/22
25.03.2022 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-307/1
25.03.2022 год.
СКОПЈЕ

Комора на овластени архитекти и овластени инженери

Здружение на лиценцирани енергетски контролори

Скопје, 25.3.2022 година

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу:

1. **Здружението за лиценцирани енергетски контролори**, со седиште на ул. Христо Смирненски бр.37,л.2,1000 Скопје, застапуван од Претседателот на здружението, М-р Катерина Петрушевска (во понатамошниот текст ЗЛЕК) од една страна и

2. **КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**, со седиште на бул. „Партизански одреди" бр. 29, ТЦ Буњаковец, 1000 Скопје, Република Македонија, застапуван од претседателката м-р Кристинка Радевски (во понатамошниот текст Комора) од друга страна.

## Член 1

Со овој Меморандум, договорните страни прифатија заедничката научно-техничка соработка да ја остваруваат во рамките на регистрираните дејности на договорните страни.

Со Меморандумот се утврдува рамката меѓу двете договорни страни за работи од заеднички интерес базирани на искористување на научно-апликативните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредување на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на енергетската ефикасност.

Договорните страни можат да ги поттикнуваат и развиваат активностите за соработка на различни начини.

## Член 2

Договорните страни прифатија соработката да се остварува во следните форми:

- стручна, научна и техничка поддршка во изготвување на анализи, студии и материјали за професионална едукација и континуирано усовршување на кадри согласно на потребите на договорните страни;
- организирање и учество на научни и професионални состаноци, конференции, работилници, симпозиуми и други форми на образование;
- взаемна размена на информации и податоци;

- консултативни активности;
- користење на инструменти и опрема согласно на потребите на договорните страни;
- заедничка работа на аплицирање, организирање и спроведување на развојно-истражувачки проекти реализирани преку соработка на експертски и професионални тимови определени од потписниците;
- други области од заеднички интерес заради кои се заснова соработката.

**Член 3**

Овој меморандум се склучува на неопределено време, со право било која од двете страни потписнички еднострано да го раскине меморандумот преку писмено известување до другата страна, 30 дена пред да го раскине меморандумот.

**Член 4**

Меморандумот се смета за склучен кога ќе се потпише од неговите овластени потписници.

**Член 5**

Меморандумот може да се менува или дополнува и секоја измена и дополнување мора да биде доставено во писмена форма и одобрено од двете договорни страни.

**Член 6**

За секоја форма на соработка предвидена со Меморандумот, договорните страни се согласни да потпишат договор кој претставува составен дел на Меморандумот во кој ќе се предвидат сите потребни права и обврски преземени од договорните страни.

**Член 7**

При извршување на своите обврски и активности договорните страни се обврзани да работат совесно, одговорно со примена на своите знаења и работно искуство, деловна етика со што на најдобар начин во секое време ќе се допринесе за успешно реализирање на соработката.

**Член 8**

Споровите од меѓусебните односи од соработката кои би настанале со примена на овој Меморандум, договорните страни првенствено ќе ги решаваат спогодбено и на пријателски начин.

**Член 9**

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) примероци и секоја од договорните страни задржува по 2 (два) примерока.

| | |
|---|---|
| **Здружение на лиценцирани енергетски контролори**<br>**М-р Катерина Петрушевска**<br>**Претседател** | **Комора на овластени архитекти и овластени инженери**<br>**Претседател**<br>**м-р Кристинка Радевски** |